# ПОЛИТИКАТА И ДУХОВНОСТА - ДАЛИ МОЖАТ ДА ОДАТ ЗАЕДНО?

Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“Politics and spirituality: can they go together?”
by Sri Chinmoy
Copyright © 1977, 2008 by Sri Chinmoy

Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој Центар – Скопје
Наслов: „Политиката и духовноста - дали можат да одат заедно?“
Автор: Шри Чинмој

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

32:239.6-584
239.6Шри Чинмој

ЧИНМОЈ, Шри
Политиката и духовноста : дали можат да одат заедно? / Шри Чинмој - Скопје : Шри Чинмој центар, 2022. - 117, [13] стр. ; 21 см

Превод на делото: Politics and spirituality : can they go together? / Sri Chinmoy. - За авторот: стр. [119-121]

ISBN 978-608-4894-26-1

а) Политика -- Духовност -- Шри Чинмој (1931-2007) COBISS.MK-ID 56978437

СОДРЖИНА

ПРВ ДЕЛ

Политиката и општественото
дејствување ........................................................ 5

ВТОР ДЕЛ

Материјален успех ............................................. 41

ТРЕТ ДЕЛ

Здравје и физичка благосостојба ...................... 71

ЧЕТВРТ ДЕЛ

Прашања за современиот живот ...................... 99

# ПРВ ДЕЛ

# ПОЛИТИКАТА И ОПШТЕСТВЕНОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ

***Прашање:*** *Каква форма добива нашата манифестација на политички план?*

***Шри Чинмој:*** Политички не сме во прв план, но нашето тежнение влегува во политиката за просветлување на политичките умови. Надворешно, политичарите не сакаат да примаат светлина, па затоа се обидуваме да ја дадеме тивко. Чувствуваме дека политиката како таква е далеку од совршена и ѝ е потребно просветлување; затоа внатрешно и тивко се обидуваме да го направиме потребното во согласност со нашиот капацитет.

***Прашање:*** *Кога луѓето доаѓаат кај тебе со политички прашања, што ги советуваш?*

***Шри Чинмој:*** Не го правам тоа. Им кажувам дека јас не сум компетентен да зборувам за политика. Моја силна страна е духовноста, па секој што ќе дојде кај мене треба да дојде со идеја да научи како да се концентрира, како да медитира и контемплира. Јас не ја познавам политиката, но знам нешто за духовноста, Јогата и внатрешното просветлување. Со силата на мојата сопствена реализација, им кажувам за тоа што знам. Кога доаѓаат кај мене со политички прашања, им кажувам дека јас сум погрешната личност да им одговори.

***Прашање:*** *Дали духовниот аспирант може активно да учествува во политиката?*

***Шри Чинмој:*** Многу често слушаме како зборот „политика“ го следи „валкана работа“. Луѓето велат: „Политиката е валкана работа.“ Има голема вистина во тоа. Во политичкиот свет има многу малку светлина, практично нема светлина. На политиката ѝ недостига светлина бидејќи ѝ недостига вистинско жртвување. Постои само еден вид на натпревар што се одвива помеѓу партиите кои се подеднакво лоши. Природно, на крај ќе победи една од нив.

Ако чувствуваме дека ќе можеме да го промениме лицето на светот со патот на политиката, тогаш, за жал, грешиме. Ништо не може да го промени лицето на светот, освен внатрешното тежнение. Единствено внатрешното тежнение е од огромно значење, особено за трагачите по Вистината. Оние кои сакаат активно да учествуваат во политиката, несомнено ќе го изгубат нивното најчисто тежнение за Бог.

Бог е во сè; па природно Бог е исто така и во политиката. Но треба да знаеме како најдобро да му пристапиме на Бог. Нашето тежнение е тоа што ќе нè однесе директно до Највисокото. Штом

ќе го достигнеме Највисокото, тогаш Самиот највисок Севишен ќе нè однесе во срцето на човештвото.

Не ти кажувам да престанеш да гласаш. Не, далеку од тоа. Но најважно нешто е да го направиш твојот внатрешен избор. Духовните аспиранти треба да гласаат за божественоста во себе. Кога божественоста им кажува што да направат, треба да го направат тоа. Тогаш без оглед што се случува во надворешниот живот, во политичкиот свет, трагачот треба да биде исполнет.

Кој ќе ги реши проблемите на твојата земја? Не оваа патија или таа партија. Ти си тој што ќе ги реши проблемите на твојата земја, а не некој политички лидер. Твоето тежнение за човештвото ќе може да ја спаси не само Америка, туку целиот свет. Секој од вас овде го има тој горечки пламен на тежнението. Само кога твоето тежнение се искачува до највисокото и потоа се симнува за да го разгори светот во незнаење, тогаш светот ќе стане подобро место.

Искрениот, вистински трагач мора да биде внимателен колку е инволвиран во политиката. Духовноста, внатрешниот живот и внатрешната дисциплина се негова прва и најважна работа.

Има милијарди луѓе на светот кои можат да бидат инволвирани во политиката бидејќи не се инволвирани во духовноста. Но искрените трагачи треба да останат далеку над светот на политиката, во Скутот на Севишниот. Таму тие постојано ќе израснуваат во светлина, мир, блаженство, доверба и универзална хармонија.

Извадок од „Политиката и духовноста - дали можат да одат заедно?“
www.knigi.mk